## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 78 став 4 од Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.29/05, 81/08, 20/09, 57/10, 17/11, 148/11, 69/13, 43/14, 158/14, 149/15, 39/16 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 20 април 2021 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ЛАБОРАТОРИСКИ АНАЛИЗИ И ТЕСТОВИ

### Член 1

Во Одлуката за висината на надоместокот за вршење на лабораториски анализи и тестови („Службен весник на Република Македонија“ бр.198/14, 143/15, 126/16, 34/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 107/19), членот 3 се менува и гласи:

„Висината на надоместокот за вршење на лабораториски анализи и тестови во Државната фитосанитарна лабораторија, по тип на анализа, по број на примени примероци и количество на партија со вклучен данок на додадена вредност изнесува:

1) Испитување квалитет на семе:

- кај житни растенија - 1.350,00 денари;
- кај градинарски растенија - 1.500,00 денари и
- кај фуражни растенија, репа, маслодајни и влакнодајни растенија – 1.400,00 денари.

2) Испитување квалитет на семе кај украсни растенија и саксиско цвеќе – 3.000,00 денари.

3) Преиспитување квалитет на семе:

- кај житни растенија – 1.200,00 денари;
- кај градинарски растенија – 1.400,00 денари и
- кај фуражни растенија,репа маслодајни и влакнодајни растенија – 1.300,00 денари.

4) Преиспитување квалитет на семе кај украсни растенија и саксиско цвеќе – 2.500,00 денари.

5) Биохемиско испитување на виталноста на семето (топографски тетразол тест) кај житни растенија -1.800,00 денари.

6) Земање мостри од партија семе за една пријава - 767,00 денари.

7) Одредување на стандарди за квалитет на свежо овошје и зеленчук наменети за консумација односно преработка и тоа:

- одредување содржина на сок (0 – 100%) – 180,00 денари,
- одредување на растворливи суви материи со рефрактометриски индекс (0 – 95% Brix) – 190,00 денари,
- одредување на маса од 0,5 g до 2500 g – 100,00 денари,
- одредување на пречник од 0 до 150 mm – 140,00 денари и
- одредување на цврстина 0,1 kg до 13 kg – 180,00 денари.

8) Одредување на минимални услови за квалитет, својства и класирање на житата и оризот – 650,00 денари.

9) Испитување ‘ртност на семе кај земјоделски растенија по количество партија – 708,00 денари.

10) Испитување на маса од 1000 зрна семе кај земјоделски растенија по количество партија – 330,00 денари.

11) Испитувања на процент на влага во семе кај земјоделски растенија по количество партија, со печка со константна температура – 472,00 денари и

12) Испитување чистота на семе кај земјоделски растенија по количество партија и одредување (детерминација) на други видови семиња во чистото семе– 590,00 денари“.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-4029/1
20 април 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.